РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември 2012 година



Скопје, февруари 2013 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември 2012 година

- Индустриското производство во ноември 2012 година забележа раст од 5,3% во однос на октомври 2012 година;
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 4,6%, а во однос на претходниот месец цените се непроменети. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2012 година изнесува 3,2%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во периодот јануари-ноември 2012 година од 12,0%, со вредносен пад од 2,7% и пад на увезените количини стоки од 3,7%, со вредносен раст од 0,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,6% во однос на истиот период од 2011 година;
- Поголемо остварување на вкупните приходи во Буџетот од 0,4% и зголемена реализација на вкупните расходи од 3,4% во периодот јануари-ноември 2012 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 14.613 милиони денари (3,0% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 13.085 милиони денари (2,7% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 5,6% на годишна основа и раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 5,1%;
- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 13,5% во ноември 2012 година споредено со истиот месец лани.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2012 година во однос на октомври 2012 година забележа раст од 5,3%. Секторската анализа укажува дека раст на месечна основа е регистриран кај сите сектори. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 18,0%. Секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 12,3% и Преработувачката индустрија раст од 3,7%. Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во ноември 2012 година изнесува -0,4%, што укажува на позитивни сезонски ефекти во индустријата. Значителен раст на месечно ниво е остварен кај следните гранки: производство на кокс и рафинирани нафтени производи 6.060,9%, производство на пијалаци 94,3%, производство на машини и уреди 57,8%, производство на електрична опрема 33,5%, производство на тутунски производи 33,4%, производство на фармацевтски производи 22,0% и производство на мебел 19,1%.

Индустриско производство (во %) - ноември 2012 година

| | м/м-12 | м/м-1 | I-XI 2012 / I-XI 2011 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | -4,4 | 5,3 | -6,5 |
| Рударство и вадење камен | 0,9 | 12,3 | -4,6 |
| Преработувачка индустрија | -2,8 | 3,7 | -6,1 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -17,8 | 18,0 | -9,7 |

Извор: ДЗС

Во ноември 2012 година индустриското производство забележа пад од 4,4% во споредба со ноември 2011 година. Анализирано по сектори, секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 0,9% како резултат на растот во гранката Вадење руди на метал од 43,3%. Во гранката Вадење други руди на камен забележан е пад од 22,9%, а во гранката Вадење јаглен и лигнит пад од 14,8%. Секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 2,8%, а секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 17,8% на годишно ниво.




Во рамките на преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 10 од 23 гранки, кои сочинуваат 29,12% од индустриското производство. Раст е забележан кај една од трите носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, раст од 2,4% е остварен кај Производството на облека. Производството на метали забележа пад од 19,5%, а Производството на прехранбени производи пад од 19,4%. Висок раст на годишна основа е регистриран кај Производството на фабрикувани метални производи 72,0%, Производството на пијалаци 40,3%, Производството на основни фармацевтски производи и фармацевтски

препарати 19,5%, Преработката на дрво и производи од дрво и плута 11,7% и Производството на производи од гума и производи од пластични маси 9,8%.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во ноември 2012 година има Производството на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема (2,4 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на метали (-2,2п.п.).




На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – ноември 2012 година во однос на истиот период од 2011 година регистрира пад од 6,5%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 9,7%, Преработувачката индустрија забележа пад од 6,1%, а Рударство и вадење камен пад од 4,6%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2012 година во однос на ноември 2011 година покажуваат раст на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 7,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 5,8%. Пад на производството има кај групите: Енергија од 20,7%, Капитални производи од 13,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,8%.

На месечно ниво, податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2012 година покажуваат зголемување на производството во групите: Енергија од 44,4%, и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,7%. Пад е забележан во следните групи: Капитални производи од 14,4%, Трајни производи за широка потрошувачка од 12,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 5,5%.

На кумулативна основа, во единаесетте месеци од 2012 година во однос на истиот период од минатата година пад е забележан кај сите групи, и тоа: Трајни производи за широка потрошувачка од 33,6%, Енергија од 20,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,4%, Интермедијарни производи освен енергија од 0,7% и Капитални производи од 0,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката на раководителите, тековната економска состојба на деловните субјекти во ноември 2012 година е поповолна во однос на претходниот месец, но е понеповолна во однос на ноември 2011 година.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец и во однос на ноември 2011 година. Оценката за обемот на производството во изминатите три месеци е поповолна во однос на октомври 2012 година, а во однос на ноември 2011 година останува на исто

ниво. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец и во однос на ноември 2011 година.

Во однос на бројот на вработените, очекувањата во ноември 2012 година за наредните три месеци се поповолни во однос на минатиот месец, а во однос на ноември 2011 година очекувањата се значително подобрени.

Просечното искористување на капацитетите во ноември 2012 година изнесува 59,4%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 58,4%. Споредено со ноември 2011 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 0,9 п.п.

Во ноември 2012 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е поповолна во споредба со претходниот месец, а во споредба со ноември 2011 година е понеповолна. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, просечните набавни цени на инпутите како и продажните цени на готовите производи се очекува да се зголемат.




Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во ноември 2012 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,7%, недоволната домашна побарувачка со 16,5%, финансиските проблеми со 13,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 8,8%, конкурентниот увоз со 8,7%, неизвесното економско окружување со 7,6% и недостигот на суровини со 5,5%,

Како ограничувачки фактори во ноември 2012 година во однос на октомври 2012 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната домашна побарувачка, недостигот на квалификувана работна сила, неизвесното економско окружување и недостигот на суровини додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, недостигот на опрема, конкурентниот увоз и нејасните економски закони. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2012 година во однос на ноември 2011 година забележа намалување од 0,7%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторите Рударство и вадење камен за 9,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 3,3%, додека намалување на бројот на работници на годишно ниво има во секторот Преработувачка индустрија од 2,0%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2012 година во однос на ноември 2011 година покажуваат дека во групата Енергија има зголемување на бројот на работници за 9,5%, во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка бројот на работници останува на исто ниво, додека намалување има кај групите: Капитални производи за 9,3%, Трајни производи за широка потрошувачка за 7,9%, и Интермедијарни производи, освен енергија за 3,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2012 година се издадени 232 одобренија за градба, што е намалување од 3,3% во однос на истиот месец од 2011 година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на октомври 2012 година, кога беа издадени 258 одобренија, се намали за 10,1%.




Предвиденaта вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во ноември 2012 година, изнесува 2.848 милиони денари, што е за 4,4% помалку во однос на истиот месец од 2011 година, а во однос на октомври 2012 година вредноста на објектите бележи намалување за 9,3%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 177 (76,3%) се наменети за објекти од високоградба, 18 (7,8%) за објекти од нискоградба и 37 (15,9%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 232 објекти за кои се издадени одобренија за градба, на 172 (74,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 60 објекти (25,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во ноември 2012 година е предвидена изградба на 647 станови, со вкупна корисна површина од 51.958 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 30,4% во однос на истиот месец од 2011 година, а е зголемен за 29,1% во однос на септември 2012 година.




Анализирано по региони, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 65, од кои 31 одобрение е за инвеститори - физички лица и 34 одобренија за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во

Вардарскиот регион, 6 одобренија, од кои сите се издадени за инвеститори - физички лица.

Во периодот јануари-ноември 2012 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 731, од кои за 441 одобрение инвеститори се физички лица, а за 290 инвеститори се деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион, вкупно 120, од кои за 76 одобренија инвеститори се физички лица, а за 44 инвеститори се деловни субјекти.

## Инфлација

Стапката на инфлација, измерена според Индексот на трошоците на живот, во ноември 2012 година изнесува 4,6% во однос на истиот месец претходната година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2012 година изнесува 3,2%.

На годишна основа, во ноември растот на цените е највисок во категоријата Облека и обувки и изнесуваше 9,9%, следен од растот во категоријата Домување од 9,5%, што се должи најмногу на растот на цените за огрев и осветление од 13,6%. Раст на цените е забележан и кај следните категории: Исхрана и Хигиена и здравје од 4,2%, Култура и разонода 3,1%, Сообраќајни средства и услуги 1,5% и Ресторани и хотели 1,2%. Пад на цените е забележан во категориите Административни и финансиски услуги од 0,2% и Тутун и пијалаци од 0,1%.




Индексот на трошоците на живот во ноември споредено со претходниот месец не бележи промена. Притоа, позитивен месечен раст на цените е забележан во категориите Облека и обувки од 2,2%, Хигиена и здравје од 0,3% и Ресторани и хотели од 0,1%. Цените останаа непроменети во категориите Домување, Култура и разонода и Административни и финансиски услуги. Категоријата Сообраќајни средства и услуги забележа месечен пад на цените од 0,6%, пред сè како резултат на намалените цени на нафтените деривати за 1,5%. Пад на цените е забележан и во категориите Исхрана од 0,2% и Тутун и пијалаци од 0,1%.

Цените на мало во ноември 2012 година во однос на ноември 2011 година се повисоки за 3,8%. Споредено со претходниот месец цените на мало се непроменети. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари - ноември 2012 година изнесува 3,3%.

## Берзански цени

Во ноември 2012 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 2% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 109,7 долари за барел. Споредено со ноември 2011 година, цената на нафтата е пониска за 0,7%. Просечната цена на природниот гас во ноември се зголеми за 2,6% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во ноември се тргуваше по просечна цена од 16.335 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од речиси 5%. Споредено со ноември 2011 година цената на никелот е пониска за 8,6%. Во рамките на основните метали, месечен пад на цените е забележан и за бакарот од 4,4%, калајот од 2,4% и алуминиумот од 1,3%. Цената на железната руда во ноември забележа раст од 5,6% во однос на претходниот месец. Благородните метали регистрираа месечен пад на цените, при што падот е највисок за платината од 3,7%.




Цената на житото на светските берзи во ноември регистрираше месечен раст од 0,7%.

# 2. Надворешно-трговска размена

Вкупната надворешно-трговска размена во првите единаесет месеци од 2012 година бележи поместување надолу за 0,9% во однос на истиот период од 2011 година.

## Извоз

Во периодот јануари-ноември 2012 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 12,0% во однос на истиот период од 2011 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 2.841,6 милиони евра, и бележи контракција од 2,7% (79,2 милиони евра) во однос



на периодот јануари- ноември 2011 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2012 година извозот бележи поместување надолу од 4,0% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на извозот во ноември 2012 година бележи месечен пад од 2,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,3 п.п.) врз извозот во овој месец.







Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување на други гасови со каталитичка постапка; гасни масла со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; тутун; машки кошули од памук; табли, плочи, пултови, маси, ормани и други; руди на олово и концентрати; топло валани плоснати производи од железо или нелегиран челик со ширина 600мм или поголема; руди на бакар и концентрати; лекови и друго.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2012 година се: железо и челик со 21,2%, облека 14,6%, хемиски материи и производи 12,5%, пијалаци и тутун 5,8%, метална руда и отпадоци од метал 5,3%, нафта и производи од нафта 5,1%. Овие шест групи производи сочинуваат 64,6% од вкупниот извоз на државата.

Во првите единаесет месеци од 2012 година, гледано по економска намена, најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриско производство (51,3%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (33,0%), производите за инвестиции (9,5%) и енергијата (6,2%).

## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари - ноември 2012 година се намалени за 3,7% во однос на истиот период од претходната година, а нивната вредност изнесува 4.595,3 милиони евра, што претставува зголемување за 0,3% (14,1 милиони евра) во однос на периодот јануари - ноември 2011 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2012 година увозот бележи пад од 4,6% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во ноември 2012 година бележи месечен пад од 2,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,9 п.п.) врз увозот во овој месец.




| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 331,9 | 208,9 | -122,9 | -37,0 |
| Мил. ЕУР | 210,0 | 146,1 | -63,9 | -30,4 |
| Мил.$ | 295,9 | 187,9 | -107,9 | -36,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.127,3 | 1.009,1 | -118,2 | -10,5 |
| Мил. ЕУР | 676,3 | 684,4 | 8,0 | 1,2 |
| Мил.$ | 948,7 | 878,7 | -70,0 | -7,4 |

*)Претходни податоци

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; платина, необработена или во прав; електрична енергија; нафта сурова; руди на никел и концентрати; моторен бензин со октански број (РОН) од 95 или поголем, но помал од 98; масла за ложење; топло валани производи со дебелина помала од 3мм; лекови; нафтени гасови и други гасовити јаглеinводороди; паладиум: необработен или во прав и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 23,6 | 20,5 | -3,1 | -13,2 |
| Мил. ЕУР | 359,2 | 355,3 | -3,9 | -1,1 |
| Мил.$ | 501,2 | 457,0 | -44,2 | -8,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,6 | 30,0 | 4,5 | 17,4 |
| Мил. ЕУР | 68,2 | 62,9 | -5,3 | -7,8 |
| Мил.$ | 95,4 | 80,9 | -14,6 | -15,3 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари-ноември 2012 година, покрај нафтата отпаѓа на обоените метали; предивото, ткаенините и текстилните производи; железото и челикот; друмските возила; електричната енергија; металната руда и отпадоците од метал; и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари - ноември 2012 година најголем удел во увозот имаат стоките за индустриско производство (42,0%), потоа стоките за лична потрошувачка (23,3%), енергијата (20,8%) и производите за инвестиции (13,8%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 742,5 | 595,1 | -147,4 | -19,9 |
| Мил. ЕУР | 662,3 | 601,9 | -60,4 | -9,1 |
| Мил.$ | 927,3 | 772,3 | -155,0 | -16,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2011 | I-XI 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 557,8 | 497,1 | -60,7 | -10,9 |
| Мил. ЕУР | 296,5 | 261,1 | -35,4 | -11,9 |
| Мил.$ | 414,4 | 334,5 | -79,9 | -19,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите единаесет месеци во 2012 година трговскиот дефицит се прошири за 93,3 милиони евра или 5,6% во однос на истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, проширувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: прошireното негативно салдо во размената со енергетските производи (горива и мазива), стоките за лична потрошувачка и стоките за индустриско производство, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со производите за инвестиции.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари-ноември 2012 година, споредено со истиот период од 2011 година, извозот бележи пад кај групациите: Развиени земји, ЕУ 27, Земји во развој и Западен Балкан, додека раст има кај  групациите: ЕФТА, Други развиени земји и неразвиени земји. Извозот во ЕУ бележи пад од 8,1% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 21,3%.

Во првите единаесет месеци од 2012 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период претходната година се намалила за 3,7%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 3,3 п.п. и изнесува 60,3%, при што извозот на стоки учествува со 62,5%, а увозот на стоки со 58,9%.

Во периодот јануари - ноември 2012 година, 76,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Грција, Велика Британија, Русија, Турција и Кина, а потоа следуваат: Србија, Италија, Бугарија, Швајцарија, Полска, Словенија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Босна и Херцеговина и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 70,4% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2012 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - ноември 2011 година претставува зголемување од 0,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 79,2% и 65,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 1,4 п.п., додека кај увозот е намалена за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2011 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-XI 2011 | | | | | I-XI 2012 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.805,9 | 2.994.913.968 | 61,5025 | 184.194.696.330 | 65,2 | 2.682,4 | 2.985.837.377 | 61,5015 | 183.633.477.436 | 65,0 | -9.076.591 | -0,3 |
| УСД | 2.909,0 | 1.645.229.075 | 45,3129 | 74.550.100.561 | 26,4 | 2.822,1 | 1.540.692.380 | 47,9742 | 73.913.484.373 | 26,2 | -104.536.695 | -6,4 |
| ГБП | 3,0 | 323.325.860 | 71,6720 | 23.173.411.032 | 8,2 | 2,6 | 299.272.732 | 76,5473 | 22.908.519.613 | 8,1 | -24.053.128 | -7,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.717,9 | | | 281.918.207.923 | 91,6 | 5.507,1 | | | 280.455.481.423 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 5.727,2 | | | 282.369.641.668 | 100,0 | 5.515,8 | | | 282.441.459.767 | 100,0 | | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари-ноември 2012 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 124.404 милиони денари, односно 25,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 0,4% во однос на 2011 година.

Даночните приходи за овие единаесет месеци се реализирани во износ од 68.758 милиони денари, односно 14,2% од БДП и во однос на истиот период од 2011 година се намалени за 2,9%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 35.171 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 51,2%. Акцизите се реализирани во износ од 14.940 милиони денари (учество од 21,7% во даночните приходи). Така, од овие два данока остварени се приходи од 50.111 милиони денари, односно 72,9% од вкупните даночни приходи (10,3% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 54.643 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 19.473 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 1,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 13,7% споредено со истиот период од 2011 година).




Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 0,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 3,0%, учеството на ДДВ донациите и каматата е незначително (0,4%) и забележува помало остварување за 41,3%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок изнесуваат 8.447 милиони денари и се зголемени за 0,8% на годишна основа (околу 72,7%, од реализираниот персонален данок претставува приходот од данокот на плати и други лични

примања). Споредено со истите единаесет месеци во 2011 година, приходите од данокот од добивка забележаа пад од 4,6%, што е резултат пред сè на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по основ на наплатен данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа пад од 8,0%, додека акцизите забележаа раст од 5,4%. Приходите од царина изнесуваа 3.740 милиони денари и забележаа зголемување од 8,9%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 11.667 милиони денари и во однос на истиот период од 2011 година се помали за 1,8% (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини и друго).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 4.273 милиони денари, што претставува зголемување од 27,9% во однос на истиот период од претходната година.

Социјалните придонеси од плати изнесуваа36.751 милиони денари, што е за 2,9% повеќе споредено со истиот период од 2011 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 2,7%, кај придонесите за вработување од 3,2%, односно кај придонесите за здравствено осигурување кои забележаа зголемување од 3,3%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари- ноември 2012 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 139.017 милиони денари, односно 28,6% од БДП, што еза 3,4% повеќе во однос на 2011 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 124.119 милиони денари учествуваа со 89,3% (со учество од 25,5% во БДП) и се зголемени за 4,3% во однос на истиот период од 2011 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 87.127 милиони денари (17,9% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 20.821 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 15,0% и во однос на 2011 година се намалени за 1,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.744 милиони денари и споредено со истиот период од 2011 година се поголеми за 3,2%.

Трансферите забележаа зголемување од 5,6% споредено со истиот период од 2011 година и истите учествуваа со 62,7% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 63.712 милиони денари, забележаа раст од 3,9% и учествуваа со 45,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 37.643 милиони денари, зголемување од 5,0%, споредено со истиот период од 2011 година и сочинуваат 27,1% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 16,1% во вкупните расходи, односно забележа зголемување од 9,4%, споредено со

истиот период 2011 година. Оваа година речиси сите, односно 83 единици за локална самоуправа преминаа во втората фаза на децентрализација. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.570 милиони денари, беа реализирани за 6,6% повеќе во однос на единаесетте месеци претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 14,3% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 3.427 милиони денари, што е за 17,7% повеќе во споредба со истиот период од 2011 година. Ваквото зголемување е претежно поради исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување забележаа зголемување од 12,4%, додека за странство беа зголемени за 20,6%.

Во анализираниот период, средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 14.898 милиони денари (3,1% учество во БДП) и во вкупните расходи учествуваа со 10,7%.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари- ноември 2012 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 14.613 милиони денари, што претставува 3,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 13.085 милиони денари и претставува 2,7% од БДП.

## 4. Социјален сектор

### Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари-ноември 2012 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 180.739 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 43,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од 2011 година, бројот на засновани нови работни односи е помал за 12,3%.




Во текот на ноември засновани се 15.497 нови работни односи, од кои 26,3% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во ноември изнесува 10.559, од кои 36,5% претставуваат нови засновани работни односи. Во ноември во Агенцијата е регистриран прилив од 8.840 лица, од кои 50,6% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е намалување на невработеноста за 1.719 лица, односно за 0,7% во однос на претходниот месец. Така, во ноември

2012 година бројот на невработени лица изнесува 245.122. Споредено со истиот месец од 2011 година, бројот на невработени лица е намален за 13,5%.

Најголем дел од невработените, односно 67,4% се од урбани средини (градско население), а 56,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 46,9% од невработените, се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 10,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 55,4% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање за вработување, 50,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,5% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во октомври 2012 година изнесува 30.875 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.031 денари.

На месечна основа, во октомври 2012 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 1%, додека реално платата е повисока за 0,8%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше повисока за 1,2%, додека реалната плата забележа раст од 1%.




Во октомври 2012 година во однос на октомври 2011 година, просечните бруто и нето плата забележаа номинален раст од 0,6%, додека реално истите беа пониски за 4,4%.

Кумулативно, во првите десет месеци од 2012 година, просечната бруто плата забележа номинален раст од 0,2%, додека реално истата беше пониска за 2,8%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше повисока за 0,3%, додека реалната плата забележа пад од 2,7%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во октомври 2012 година во однос на октомври 2011 година е забележан во дејностите Стручни, научни и технички дејности (9,6% бруто плата и 11,4% нето плата), Информации и комуникации (4,6% бруто плата и 4,7% нето плата) и Земјоделство, шумарство и рибарство (3,8% бруто плата и 3,7% нето плата).

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во октомври 2012 година во однос на септември 2012 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (5,4% бруто плата и 5,2% нето плата) и Административни и помошни услужни дејности (4,7% бруто плата и 5,3% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во октомври 2012 година изнесува 1,8%, и е понизок за 0,6 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на септември 2012 година процентот на вработени кои не примиле плата е помал за 0,4 п.п.

## Пензии

Во ноември 2012 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 283.029 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец од 2011 година. Во однос на октомври 2012 година бројот на корисници на пензија е поголем за 1.462 лица. Од вкупниот број пензионери, 56,9% се корисници на старосна пензија, 26,9% на семејна пензија и 16,2% на инвалидска пензија.




За исплата на пензиите во ноември 2012 година потрошени се 3.044,43 милиони денари, што претставува 51,8% од вкупните социјални трансфери[1].

Просечната пензија во ноември 2012 година изнесува 10.908 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2012 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,3%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во ноември 2012 година примарните пари[2] забележаа забрзан годишен раст од 6,6% на годишна основа (наспроти 6,2% во октомври), во услови на засилен раст на готовите пари во оптек од 9,7%. Вкупните ликвидни средства на банките се повисоки за 4,5% на годишна основа.

На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 0,9%, како резултат на падот на готовите пари во оптек од 2% и на вкупната ликвидност на банките од 0,1%.

Во ноември 2012 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на благајничките записи на непроменето ниво од 3,75% имајќи ги предвид најновите макроекономски движења.

---

[1] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[2] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во ноември 2012 година забележа месечен раст од 0,4%, движен главно од растот на депозитите на домаќинствата од 0,5%. Депозитите на приватните претпријатија го забавија месечниот раст на 0,9% (3,3% месечен раст во октомври). Од аспект на валутата, депозитите во странска валута кои се зголемија за 1% целосно придонесоа кон месечниот раст на вкупните депозити, додека денарските депозити се намалија за 0,1% на месечна основа.

На годишна основа, вкупните депозити во ноември 2012 година остварија забавен раст од 5,1%, наспроти 5,5% во октомври 2012 година. Растот е воден од депозитите на домаќинствата кои се зголемија за 8,5%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа годишен пад од 4,7%, како резултат на падот на депозитите на претпријатијата во странска валута од 16,6%.




Од аспект на валутата, новото штедење е целосно во домашна валута во услови на раст на денарските депозити од 15,5% на годишна основа, додека депозитите во странска валута се намалија за 4,9%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 23,4%, а краткорочните депозити се намалија за 0,9%.

## Кредити на банките

Во ноември 2012 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа се зголемија за 0,3%, што од аспект на валутната структура е резултат на порастот на денарските кредити од 0,8%. Девизните кредити се намалија за 1%.

Кредитите кон домаќинствата бележат раст од 0,3% во однос на претходниот месец, а иста стапка на раст забележаа и кредитите кон приватните претпријатија.




На годишна основа, растот на вкупните кредити забави на 5,6% (наспроти 5,9% во октомври). Доминантен придонес во растот од аспект на секторот регистрираа кредитите кон претпријатијата, со раст од 4,8%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 6,3%. Според

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

валутата, растот на кредитите е целосно во домашна валута со оглед дека кредитите во домашна валута се зголемија за 9,5%, додека кредитите во странска валута забележаа пад од 5%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 4,9%, додека краткорочните кредити се повисоки за 3,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2012 година, вкупната каматна стапка на кредитите е на нивото од претходниот месец и изнесува 7,9% и е пониска за 0,4 п.п. во однос на истиот месец претходната година. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 8,3%, додека каматната стапка на девизните кредити изнесува 6,8%, односно истите се пониски за 0,4 п.п. и 0,5 п.п., соодветно, во однос на истиот месец претходната година.

Вкупната каматна стапка на депозитите е непроменета на месечно ниво и изнесува 3,3%, додека во однос на истиот месец претходната година е намалена за 0,4 п.п.. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 4,8% (за 0,1 п.п. пониска од претходниот месец), што на годишна основа е пониско ниво за 0,8 п.п., додека каматната стапка на девизните депозити изнесува 2,1% или 0,4 п.п. под нивото од истиот месец минатата година.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2012 година изнесуваа 2.097,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 7,9 милиони евра, додека во однос на ноември 2011 година се повисоки за 251 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

www.finance.gov.mk

**Извештајот го подготвија:**

Анета Ацевска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

Ана Николова

Ангела Васовска

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, февруари 2013 година